НОВО ♥ СРЦЕ

Неделен Христијански Интернет Билтен Година IV. бр. 138. Дата: 02. 07. 2012.

# Како да го разликуваме сонот?

Последните два броја на билтенот беа посветени на соништата, при што можевме да појасниме дека секој сонува и дека соништата можат да бидат производ на нашиот ум, можат да се од Бог, но и од ѓаволот. Врз основа на таков заклучок, природно се поставува прашањето: „Како да го разликувам сонот? Како да знам дали е од Бог или од мојот ум?“

Како одговор, ви нудиме два принципа, за кои се надеваме дека ќе ви бидат од помош:



1. **Спореди ја пораката на сонот, со Библиските вистини.**

Да претпоставиме дека некој човек сонува сон, во кој што наводно му се јавува некој светец или ангел и бара тој да му принесе курбан и да постави икона од светецот, во неговиот дом, за да и се поклонува секој ден. Дали тој сон може да е од Бог? Се разбира дека не. Зошто? Бидејќи Библијата учи дека откако Исус Христос се жртвуваше на крстот, повеќе нема потреба да принесуваме било каква жртва (курбан), уште помалку на светец или ангел.

Во врска со иконите, втората Божја заповед вели: *„Не прави си резан лик ни некаква слика (икона) на што и да е горе во небото или долу на земјата, или во водите под земјата. Немој да им се клањаш, ниту да им служиш. Зашто Јас, Господ, твојот Бог, Сум љубоморен Бог.* **(5 Мојсеева 5:8-9).**

**Запрашај се: „дали пораката на сонот се поклопува со Божјите вистини и принципи, кои се објавени во Библијата?“ Ако одговорот е негативен, тогаш тој сон не е од Бог.**

1. **Анализирај ги „плодовите“ од сонот**



Една жена му открила на својот пастор, дека во последно време сонува како луѓе умираат, по различни начини: некои во сообраќајна несреќа, други-во кревет...

Сликите биле ужасни и морбидни, а наутро, кога ќе се разбудела, откривала дека сонот бил вистинит. Луѓето што ги сонувала, навистина биле мртви, а таа не можела ништо да стори во врска со тоа. Само ги доживувала како кошмари кои ѝ го одземале мирот. Иако соништата се остварувале, според нивните „плодови“ воопшто не изгледало дека тие се од Бог. Тие одлучиле да се молат на Бог, доколку тие соништа не се од Него, во името на Исус, тие да престанат. После тоа, жената повеќе немала такви соништа, кои се претварале во кошмари.

**Запрашај се: „какви резултати и плодови ми носи сонот што сум го сонил?“ Ако резултатите се негативни; ако сонот предизвикува негативни чувства (страв кој не води во покајание, гордост, горчина, омраза...) веројатно тој сон не е од Бог!**

Адреса: „Ново Срце“, П. Фах 135, Неготино, 1440. Е-пошта : novosrce1@gmail.com